РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРСТЕ МИСИРКОВ
01-348/2
12-08 20 23 год.
ГЕВГЕЛИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА ПЕРИОД ОД 2022 ДО 2024 ГОДИНА

Врз основа на член 129 став 1,2,3,4 и 5 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 г.), директорот на ООУ„Крсте Мисирков " Гевгелија донесе одлука за формирање на тим за самоевалуација за периодот 2022-2024 година. Тимот за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „ Крсте Мисирков" Гевгелија за периодот од 2022 до 2024 година изврши самоевалуација на работата во училиштето.

Врз основа на член 129, став 4 од Законот за основно образование, (Сл.весник на РМ бр. 161/19), училишната комисија за спроведување самоевалуација на училиштето изготви Извештај од извршената Самоевалуација на работата на училиштето за периодот од 2022 до 2024 година.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од Државен просветен инспекторат.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи на сите области на работење на училиштето, да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, увид на јаките страни со цел да се одржат или зајакнат и увид на слабите страни со давање предлог мерки за нивно надминување. Воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси, за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се допринесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Според анализите од спроведената Самоевалуација за периодот 2022-2024 година , резултатите со предлог мерките за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа, комисијата ги доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот.

Самоевалуацијата беше извршена врз основа на дефинираните индикатори за седумте области од дејноста на училиштето, а тоа се:

## 1.Наставни планови и програми

**Индикатори за квалитет и теми:**

1.1. Реализација на наставните планови и програми

- Реализација на наставните планови и програми
- Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми
- Прилагодување на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина
- Избор на наставни изборни предмети

1.2. Квалитет на наставните планови и програми

- Интегративен пристап на содржините кај оние предмети кои можат да се реализираат на повеќе наставни предмети
- Учество на ученици од различно етничко потекло во раководењето, соработката, договарањето и разрешувањето на конфликти
- Реализирање на образование со општествена проблематика

1.3. Воннаставни активности

- Придонесот на воннаставните активности за подобар квалитет на наставата
- Вклученост на родителите во воннаставните активности на училиштето
- Вклученост на ученици со посебни потреби во воннаставните активности на училиштето

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ✓ Наставата се организира и реализира согласно наставните планови и програми. Наставниците изготвуваат годишни и тематски планирања кои ги содржат сите неопходни елементи ( вклучувајќи ЕКО стандарди и ИКТ) за успешна реализација на часовите. Училиштето располага со наставен кадар кој е стручен и соодветен за реализација на наставните планови и програми подготвени од МОН. Учениците имаат можност заедно со своите родители да избираат кој изборен предмет ќе го изучуваат.<br>✓ Наставните планови и програми го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло. | - Наставниците делумно се задоволни од достапноста на наставни средства за реализирање на новата Концепција за основно образование.<br>- Делумна можност за реализација на интегративниот пристап кон содржините, кај оние предмети кои можат да се реализираат на повеќе наставни предмети. |

| | |
|---|---|
| Училиштето организира и реализира образование за односите меѓу половите, за болестите ХИВ/СИДА, зависноста од алкохол и дрога, за човековите права, граѓанско образование, во кои се вклучени учениците и родителите<br>✓ Воннаставните активности придонесуваат за подобар квалитет на наставата. Во нив активно се вклучени учениците (вклучувајќи ги и оние ученици со посебни потреби) и родителите. Учениците и родителите се задоволни од придобивките од вонnаставните активности во училиштето. | |

**ПРИОРИТЕТИ:**

- Обезбедување на наставни средства за реализирање на Новата Концепција за основно образование како и обезбедување на простор и негово опремување со дидактички материјали и сензорни помагала односно„ Сензорна соба" за подобрување на условите за учење, социјализација, рекреација и рехабилитација на ученици со попреченост;

## 2. Постигања на учениците

Индикатори за квалитет и теми:

2.1. Постигања на учениците

- Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, по наставни предмети и по квалификациони периоди
- Подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност
- Идентификација на ученици со потешкотии во учењето, надарени ученици и на ученици со посебни образовни потреби
- Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна/додатна настава
- Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование

2.2. Задржување/Осипување на учениците

- Опфат на ученици
- Редовност во наставата
- Осипување на ученици
- Премин на ученици од едно во друго училиште

2.3. Повторување на учениците

- Ученици што не ја завршуваат годината

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ✓ Следење на постигањата на учениците од различен пол, според наставни предмети, квалификациони периоди и јазикот на наставата.<br>✓ Обучен наставен кадар за применување на критериумите и стандардите во оценувањето (ПЕП проектот)<br>✓ Подобрувања на постигањата на учениците од различен пол<br>✓ Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>✓ Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование. | - Двосменското работење во училиштето не дозволува целосна реализација на часовите по дополнителната и додатната настава како и на слободните ученички активности;<br>- Недоволна посетеност на е-дневникот од страна на родителите |

**ПРИОРИТЕТИ:**

- Изградба на ново подрачно училиште;
- Едукација за поголема мотивација на сите родители во делот на посетеноста на е- дневник;
- Обезбедување на дефектолог кој ќе помага во воспитанието и образовнието на децата со попреченост како и соработка со фондации и инклузивни здруженија;
- Анимирање на сите наставници за изработака на редовна анализа на успехот на учениците по предметот, одделение и споредба со претходните генерации, споредба на успехот во деветто одделение и понатаму во средното

образование, како подршка на напредокот на учениците;

- Да се соработува со другите образовни профили, односно да се добива повратна информација дали ученикот завршил средно образование и со кој успех.

## 3.Учење и настава

**Индикатори за квалитет и теми:**

3.1. Планирање на наставниците

- Индивидуални планирања на наставниците
- Следење на планирањата на наставниците
- Размена на искуства и информации при планирањето
- Распоред на часови

3.2. Наставен процес

- Наставни форми и методи
- Избор на задачи, активности и ресурси
- Интеракција меѓу наставниците и учениците
- Приод на наставникот кон учениците
- Следење на наставниот процес

3.3. Оценувањето како дел од наставата

- Училишна политика за оценување
- Методи и форми за оценување
- Користење на информациите од оценувањето во наставата

3.4. Известување за напредокот на учениците

- Известување на родителите за напредокот на учениците

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ✓ Секој наставник подготвува годишно планирање и тематско процесно планирање кое го доставува до стручната служба на почетокот на учебната година.Наставниците изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни | - Учениците да се вклучат повеќе во метод на самооценување, со цел учениците да стекнат претстава за тоа колку знаат и сами да го вреднуваат своето знаење.<br>- Одзивот на родителите на родителски средби е |

| | |
|---|---|
| планирања.Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот. Стручната служба континуирано ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата.Според стручната служба, планирањата се претежно со добар квалитет.Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од истородни предмети од други училишта.<br>✓ За реализирање на наставата наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Притоа, тие ги користат расположливите ресурси во училиштето. Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците.Приодот на наставникот со учениците е индивидуален и адекватен според можностите, способностите и интересите на ученикот. Наставниците ги почитуваат учениците, имаат еднаков приод кон сите ученици, им помагаат и ги упатуваат во задачите. Училиштето ја почитува етничката, верската и културната различност. Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час во првото и/или второто полугодие | слаб. На родителските средби редовно доаѓаат родителите на учениците што покажуваат повисоки постигнувања. |

| | |
|---|---|
| од учебната година, од директорот, педагогот и психологот.<br>✓ Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот на учебната година, како и за секоја добиена оценка на отворените денови со родителите. Наставниците користат различни методи и форми на оценување. Оценувањето е редовно, праведно и добро организирано, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Се почитува мислењето на учениците за сопствените постигања при оценувањето. Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата.<br>✓ Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. Средбите со родителите се добро организирани и на нив јасно се пренесуваат информациите. Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелства и дипломи со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес. Со пристап во е-дневникот секој родител може лесно да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете. Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и психологот и притоа врши советодавна работа, | |

| | |
|---|---|
| упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овој проблем. | |

**ПРИОРИТЕТИ:**

- Едукација на учениците за подобро запознавање со критериумите и стандардите за оценување како и со методот за самооценување;
- Едукација за укажување на потребата за задолжително присуство на сите родители на родителските средби.

## 4. Поддршка на учениците

**Индикатори за квалитет и теми:**

4.1. Севкупна грижа за учениците

- Заштита од физички повреди и елементарни непогоди
- Превенција од насилство
- Заштита од пушење, алкохол и дрога
- Квалитет на достапна храна
- Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот
- Грижа за учениците од социјално загрозени семејства

4.2. Здравје

- Хигиена и заштита од болести
- Грижа за учениците со здравствени проблеми

4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

- Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување
- Грижа за учениците со емоционални потешкотии

4.4. Следење на напредокот

- Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците
- Анализа на напредокот на учениците по паралелки

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ✓ Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училиштето има изработен Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и План за евакуација и спасување од елементарни и други несреќи и истите се ревидирани од лиценцирана компанија. Одобрено е Барањето од Државен завод за спасување за Обука на вработените и извршена е показна вежба на тема „Постапка на вработените и учениците во услови на природни непогоди, пожари и заштита од истите“. Училиштето располага со прирачна аптека за прва помош. Училиштето ги користи сите позитивни законски прописи за санкционирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално насилство и во случај на поднесување на поплаки училиштето настапува навремено и непристрастно и според пишан документ. Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците. Советодавна работа со учениците кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување, организираат и реализираат психологот и педагогот. Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци и училиштето соработува со локалните субјекти во наоѓање начини за спречување на користење алкохол и наркотични средства. Училиштето организира хумани акции спроведени од ученици и самоиницијативно пронаоѓа спонзори за да им помогне на децата од загрозени социјални семејства и при елементарни непогоди. Во училиштето постои обучен кадар (наставници) за давање прва | - Потребна е процедура на училиштето за насочување на учениците кон нивната професионална ориентација. |

| | |
|---|---|
| медицинска помош и помош и заштита при несреќен случај во училиштето.<br>✓ Училиштето промовира здрав животен стил и води кампања за здрава исхрана меѓу учениците. Во случај на појава на заразна болест, училиштето спроведува процедура за заштита од нејзино ширење. При појава на сезонски болести, училиштето соработува со надлежните служби и ги спроведува нивните предлог мерки. Училишниот двор се одржува чист и секое утро од него се собираат сите отпадоци.<br>✓ Училиштето ги информира учениците од завршните одделенија за можностите за понатамошно образование. Во деветто одделение, учениците имаат можност да присуствуваат на повеќе презентации од претставници од средни училишта, кои ќе им помогнат при изборот на своето понатамошно учење. Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот (на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството ...). Училиштето соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи, ПС-ОН и други организации и компетентни институции.<br>✓ За секое одделение се води електронски дневник на паралелка во кој се наведени учениците со име и презиме, постигнувањата т.е оценките по одделните наставни предмети, поведението, отсуствата (доколку ги има). Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските наставници и родителите за постигањата на учениците. Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. Редовно се води | |

| | |
|---|---|
| електронскиот дневник, со кој се овозможува полесно информирање и секојдневна контрола од страна на родителите за постигнувањата и изостаноците на своите деца. За подобрување на резултатите на учениците и наставата, функционираат активите по сродните предмети кои соработуваат, за решавање на одредени проблеми или надминување на слабостите по соодветните предмети. | |
| **ПРИОРИТЕТИ:** | |
| ➢ Насочување и упатување на родителите и учениците врз основа на програма та за професионална ориентација. | |

## <u>5. Училишна клима и односи во училиштето</u>

**Индикатори за квалитет и теми:**

5.1. Училишна клима и односи во училиштето
- Углед / имиџ на училиштето
- Кодекс на однесување
- Училишна клима
- Поведение и дисциплина во училиштето
- Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки

5.2. Промовирање на постигањата
- Промовирање на личните постигања на учениците
- Промовирање на постигањата во име на училиштето

5.3. Еднаквост и правичност
- Познавање на правата на децата

- Еднаков и правичен третман на сите ученици
- Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот

5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловна заедница

- Соработка на училиштето со родителите
- Соработка со локалната заедница
- Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ✓ Високостручен и професионален наставен кадар; Соработка меѓу колегите ; Учество на разни општински, државни и меѓународни натпревари и освојување на многубројни награди ; Соработка со стручна служба ; Соработка со локалната заедница ; Редовно информирање на учениците и родителите ; Почитување на правата на децата ; Постојано следење на личните постигања на учениците и на училиштето ; Мотивирање на учениците од страна на менторите. | - Недостиг од финансиски средства за мотивирање и наградување на учениците и нивните ментори; Недоволно вклучување на училиштето во проекти кои ги организира бизнис заедницата ; Недоволно ангажирање на Ученичката заедница и останатите ученици во организирањето на разни активности и проекти ; Недоволна соработка со училишта од другите земји; Нередовно и ненавремено информирање и доставување на дописи и писма за учества на разни натпревари, саеми и сл. од страна на МОН, БРО и невладини организации ; Работа во две смени ; Неискористеност на подрумски простории за воннаставни активности ; Недоволна ангажираност на техничкиот персонал за подобрување на хигиената во училиштето . |

**ПРИОРИТЕТИ:**

- Обезбедување финансиски средства за мотивирање и наградување на учениците и нивните ментори;
- Поголем ангажман од страна на училиштето за вклучување во меѓународни проекти (Erasmus и други) за соработка со другi земјi.

## 6. Ресурси

**Индикатори за квалитет и теми:**

6.1. Сместување и просторни капацитети
- Просторни услови
- Искористеност на просторните капацитети

6.2. Наставни средства и материјали
- Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала
- Училишна библиотека
- Потрошен материјал

6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар
- Број на вработени и соодветност на наставниот кадар
- Ефективност и распоредување на кадарот
- Стручната служба како поддршка на наставниот кадар

6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар
- Професионален развој на наставниците

6.5. Финансиско работење во училиштето
- Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење
- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ✓ Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава; Наставниците максимално ги користат расположливите просторни капацитети, а училиштето има јасен план и распоред на користење на капацитетите<br>✓ Училиштето располага со разновидна стручна литература и современи наставни средства и помагала за примена на современи наставни методи по сите наставни предмети, кои ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Училниците се опремени со компјутери, телевизори и Интернет пристап. Училишната библиотека располага со | - Недостаток на училници за едносменско работење и простор за одржување на разни манифестации; Одделенската настава ја користи спортската сала за изведување на наставата по предметот ФЗО само кога учениците посетуваат втора смена по распоред бидејќи во прва смена спортската сала е макслимално зафатена од предметната настава по ФЗО.<br>- Во училиштето има потреба од дефектолог, кој ќе помогне при работата со учениците. |

| | |
|---|---|
| книжен фонд кој во најголем дел се лектири, стручна литература и белетристика, постојано се обновува и ги задоволува потребите на учениците и наставници. Прописно се води библиотечната евиденција. Училиштето обезбедува потрошен материјал за сите вработени.<br>✓ Училиштето обезбедува квалитетен наставен и административно-технички персонал за реализирање на наставниот процес. Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи.<br>✓ Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој и за тоа се труди да обезбедува финансиска поддршка.<br>✓ Сите постапки поврзани со финансиското работење кои што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. Во училиштето постои Комисија за јавни набавки и истата работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки. Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина. Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. | |

**ПРИОРИТЕТИ:**

- ➢ Изградба на ново подрачно училиште;
- ➢ Обезбедување на дефектолог за децата со попреченост.

## 7. Управување, раководење и креирање политика

**Индикатори за квалитет и теми:**

7.1. Управување и раководење со училиштето

- Управување и раководење
- Следење и анализа

7.2. Цели и креирање на училишна политика

- Цели во училиштето
- Соработка со други субјекти
- Креирање на училишна политика
- Анализа

7.3. Развојно планирање

- Развоен план
- Напредок

7.4. Интервју со директорот

- Раководење
- Развојно планирање
- Училишна политика

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ✓ Јасно дефинирани надлежности за раководење и администрирање; Почитување на постоечките документи во врска со дисциплината, поведението, насилното однесување и дискриминацијата. Вклученост во планирањето на сите релевантни субјекти; Соодветно координирање според потребите и актуелните ситуации; Создавање позитивна училишна клима и пријатен престој на учениците во училиштето.<br>✓ Изготвен нов, попрецизен кодекс на однесување за учениците, вработените и родителите.<br>✓ Со брза динамика се реализират целите предвидени со Развојната програма. | - Недоволна нагледност потребна за изведување на квалитетна и успешна работа за време на часовите. Недоволна соработка со родителите.<br>- Не се практикува дисеминација на обука.<br>- Некои цели не можат да се реализират заради немање компетенции од страна на училиштето. (безбедноста на влезот во школскиот двор е слаба заради тоа што покрај училиштето поминува регионален пат, па не можат да се постават соодветни ограничувања.)<br>- Тешко е просторното проширување на училиштето заради самата местоположба во градот, а со самото тоа неможност за работење |

| | |
|---|---|
| | само во прва смена.<br>- -Во делот на едукација и обуки, не се спроведува согласно потребите на наставниот кадар. Нема доволно обуки, а со тоа е оневозможен кариерниот развој на тимот. |
| **ПРИОРИТЕТИ:** | |
| ➢ Училиштето во соработка со Општина Гевгелија работи на наоѓање решение во делот на безбедноста на влезот во училишниот двор;<br>➢ Училиштето реализира обуки за професионален и кариерен развој на наставниот кадар и стручните соработници. | |

**Тим кој работел на извештајот за самоевалуацијата:**

Ѓорги Стамков – В. Д. Директор

Ивана Алчинова – Психолог

Светлана Димова – Педагог

Ристо Апостолов – Совет на родители

**Дата:**
**12.08.2022год. Гевгелија**

**В.Д. Директор**
**Ѓорги Стамков**